**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Весна Дончева, претседател на советот, Александар Цацков, Лидија Рибарева, Илир Сулејмани и Ацо Колевски, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот Е.М. од С., по одржаната расправа во согласност со член 18, 21 и 22 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 25.2.2022 г., го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Нотарот Е.М. од С., **се ослободува од одговорност** дека сторила дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, на начин што по прием на предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, не изготвува решение во рок од 3 дена од прием на предлогот (на пр.НПН бр.1/20) па на таков начин да постапила спротивно на член 71 став (6) од Законот за нотаријатот

2.Нотарот Е.М. од С., **виновна е** за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради тоа што не поседува доказ - уплатница кон предметот за уплатена судската такса за предметот ОДУ бр.1/21, со што постапила спротивно на член 158 став (2) од Законот за нотаријатот, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

3. Нотарот Е.М. од С., **виновна е** за сторена дисциплинска повреда од член 139 став (1) алинеја 5) од Законот за нотаријатот, поради тоа што наплатените судски такси по предметите УЗП бр.26/20, УЗП бр. 33/20 и УЗП бр. 470/21 не ги уплатува во текот на работниот ден или најкасно наредниот работен ден со што постапила спротивно на член 158 став (1) од Законот за нотаријатот и членот 51 Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обновување на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **јавна опомена.**

4.За дисциплинските повреди опфатени со точка 2) и 3) од диспозитивот на решението, се изрекува единствена дисиплинска мерка – **јавна опомена.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Во предлогот на Министерство за правда за поведување на дисциплинска постапка бр. 19/4 од 27.1.2022г., се укажува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на решението сторила дисциплински повреди по член 140 став (1) алинеја 1) и 2) и член 141 став (1) алинеја 12) од Законот за нотаријатот, со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Со предлогот е приложена фотокопија на списи на предметот ОДУ бр.1/21;

Во текот на дисциплинската постапка именуваниот нотар во својата одбрана, изнесена во поднесокот доставен до Нотарската комора на ден 11.2.2022 г. и усно на расправата, наведе дека при одлучувањето Дисциплинскиот совет треба да има предвид дека сторените пропусти се последица на тешки здраствени проблеми, со кои се соочува нејзиното семејство, а што влијаело врз нејзината работа, што било причина под наем да земе нотарска канцеларија на само една минута пеш одење од нејзиниот дом. По предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог не постапувала бидејќи доверителот ја нема уплатено нотарската награда, што го кажала и на Комисијата за надзор. Во врска со единствениот ОДУ предмет за 2020 и 2021 г., знаејќи дека нема предмети во овој уписник, таксата за ОДУ бр.1/21, во износ од 20 денари, при изготвување на дневната спецификација сосема заборавила да ја вметне поради што е сторен пропустот навремено да ја уплати. За единстевниот ОДУ предмет се сетила непосредно пред да дојде Комисијата за надзор, поради што од брзање сторила грешка на начин што, вместо ОДУ бр.1/21 напишала ОДУ бр.1/20, која повторно ја уплатила за предметот ОДУ бр. 1/21 за што приложува доказ. По однос на задоцнување со уплатата на судската такса тоа е последица на наведенитесемејни причини поради кои пропуштила тоа да го стори веднаш, меѓутоа уплатата ја извршила дополнително со задоцнување од 7 и 11 дена. Запретените парични казни не би можела да ги издржи имајќи ја предвид остварената добивка во последните години. Воочените пропусти се отстранети, со напомена дека досега не е дисциплински казнувана.

Со одговорот се приложени две фотокопии на уплатници за предмети ОДУ бр.1/20 и ОДУ бр. 1/21 и изводи од Уписникот ОДУ за 2020 и 2021 г.;

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, одбраната на нотарот и на изведените докази, Дисциплинскиот совет наоѓа дека: именуваниот нотар се ослободува од одговорност дека сторила дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, на начин што по прием на предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа од страна на доверителот РСМ - Министерство за финансии, против должникот ЈЗУ Универзитетска клиника– С., за наплата на долг, не изготвила решение во рок од 3 дена од прием на предлогот (напр.НПН бр.1/20) па на таков начин да постапила спротивно на член 71 став (6) од Законот за нотаријатот. Имено, во случај на исполнетоста на условите од наведениот член 71 став (6) нотарот е должен решението за нотарски платен налог да го издаде веднаш или најдоцна во рок од три дена по приемот на предлогот. Меѓутоа, со член 153 став (7) од Законот за нотаријатот, нотарот нема да ја издаде нотарската исправа или решение кое го донесува согласно со одредбите од овој закон, доколку странките претходно не ги надоместат наградата и трошоците на нотарот и адвокатот и таксите утврдени со овој закон, а според член 26 од Нотарската тарифа, во постапката за издавање на нотарски платен налог, доверителот не може да бара постапување по неговиот предлог се’ додека не ја подмири нотарската награда и трошоците. Во конкретниов случај, именуваниот нотар укажала дека доверителот во предметот НПН бр.1/20 не постапил на наведниот начин, односно не ја авансирал наградата и трошоците, и тоа нејзино укажување е констатирано во Записникот на Комисијата за

извршен надзор бр.09 - 3135/3 од 10.12.2021г., од што следува заклучок дека не биле исполнети условите именуваниот нотар да постапува по предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог освен што е уредно заведен во уписникот НПН. Според тоа, следува заклучок дека именуваниот нотар не постапила спротивно на закон кога поради наведените причини не го издала решението за нотарски платен налог.

Поради наведеното е одлучено како во точка 1) од диспозитивот на решението согласно член 24 став (2) алинеја 2) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија.

Од списите на предметот ОДУ бр. 1/21 од 1.2.2021 г., нотарски акт за полномошно кое го дава лицето XX од С., што е констатирано и при извршениот надзор од страна на Комисијата за надзор на ден 10.12.2021 г., се утврдува дека нема доказ - уплатница кон предметот за уплатена судската такса во износ од 20,оо денари. Меѓутоа, видно од уплатницата од 10.12.2021 г., нотарот извршила уплата на наведениот износ на погрешен ОДУ бр.1/20, каков што предмет воопшто не е заведен во Уписникот ОДУ, што е видно од доставената фотокопија на овој уписник. Воочувајќи ја грешката нотарот извршила повторна уплата на судската такса во износ од 20,оо денари, но сега за предметот ОДУ бр. 1/21 на ден 7.2.2022 г., што е видно од уплатницата од наведената дата.

Во предметите УЗП бр. 26/20 од 4.2.22 г. и УЗП бр.33/20 од 7.2.2020 г., уплатата на судската таска е извршена на ден 15.2.2020 г., што е видно од уплатницата со наведената дата, а во предметот УЗП бр. 470/21 од 1.10.2021 г., уплатата е извршена на ден 7.12.2021 г., што е видно од уплатницата со наведената дата.

При ваквото утврдување Дисциплинскиот совет наоѓа дека именуваниот нотар постапила спротивно на член 158 став (2) од Законот за нотаријатот и член 51 став (2) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обновување на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија, според кој наплатените судски такси во текот на работното време или најкасно наредниот работен ден, од страна на нотарот се уплатуваат на соодветна сметка преку носител на платен промет на образец ПП50 - налог за јавни приходи. Според утврденото, нотарот уплата на судската такса не ја извршила на начин како што е тоа определено со цитираниот член 51 став (2), туку дополнително и со задоцнување.

При утврдување на правната квалификација на сторените дисциплински повреди Дисциплинскиот совет се раководи со член 25 став 1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, според кој не е врзан за предлозите на подносителот на предлогот за поведување на дисциплинска постапка во поглед на правната оцена на дисциплинската повреда. Според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, во конкретниов случај, именуваниот нотар со дејствијата опишани во точка 2) и 3) од диспозитивот на решението, има сторено дисциплински повреди од член 139 став (1) точка 5) од Законот за нотаријатот, а не и дисциплински

повреди од член 140 став (1) алинеја 2) односно член 141 став (1) алинеја 12) од Законот за нотаријатот, како што се тоа предлага во предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.19/4 од 27.1.2022 г..

При ваквото утврдување Дисциплинскиот совет ја ценеше изнесената одбрана на нотарот, меѓутоа оцени дека истата е неоснована поради тоа што именуваниот нотар не ги оспорува констатациите на Комисијата за надзор во делот на точка 2) и 3) од диспозитивот, туку само изнесува причини поради кои постапувала на напредутврдениот начин. Предното поради тоа што цитираниот член 51 став (2) од наведениот Правилник е наполно јасен и не создава никаква дилеми при неговато толкување, а со тоа и неговата практична примена при уплата на судската такса.

При одмерување на дисциплинската мерка Дисциплинскиот совет ги ценеше околностите од член 23 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, кои се од влијание врз видот и висина на казната. При тоа, Дисциплинскиот совет го имаше предвид фактот дека нотарот, според евиденцијата која ја води Нотарската комора, досега не е дисциплински казнувана, дека дисциплинската повреда од точка 2) на диспозитивот очигледно е сторена поради техничка грешка при уплата на судската такса по предметот ОДУ бр. 1/21, која е исправена, дека судската такса е уплатена во полза на Буџетот на РСМ на кој начин не е нанесена штета на истиот, поради што за повредите опфатени со точка 2) и 3) од диспозитивот на решението, е изречена единствена дисиплинска мерка – јавна опомена.

Дисциплинскиот совет очекува дека изречената дисциплинска мерка – јавна опомена, воспитно ќе влијае врз нотарот во иднина да не ја повтори воочената грешка и дека своето работење ќе го усогласи со Законот за нотаријатот и подзаконските акти врз основа на кои ја врши нотарската служба.

Поради наведеното е одлучено како во точка 2), 3) и 4) од диспозитивот на решението, согласно член 24 став(2) алинеја 3) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија.

**Претседател на советот,**
**Весна Дончева**

ПРАВНА ПОУКА: Против решението може да се изјави жалба до Второстепениот дисциплински совет во рок од 8 дена по приемот на истото;

ДН: Нотарот;
Архивата;
По конечноста до Министерство за правда;